# З А П И С Н И К
**од Дваесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

# З А П И С Н И К
**од Дваесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.8.2017 година**

Седницата започна во 19:50 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана м-р Радмила Шекеринска Јанковска и членовите на Владата Билен Саљиџи, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Самка Ибраимоски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Оливера Нечовска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата на Владата присуствуваа Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, м-р Агрон Буџаку, Директор на Центарот за управување со кризи и Драги Тарчуговски, претставник од Центарот за управување со кризи.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата д-р Бујар Османи и д-р Кочо Анѓушев и Хазби Лика и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 4-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*            *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од 4-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од 4-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, со кој се прифати предлогот за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија (подрачјата на општините Македонски Брод и Чашка, заради зголемена појава на пожари).

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија, во предложениот текст.

3. Веднаш да се информира Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

4. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на дел од територијата на Република Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

**<u>Точка 2</u>**

Владата, на барање на Агенцијата за планирање на просторот за членови на Управниот одбор на Агенцијата од редот на вработените ги именува:

-Цветанка Маркушоска и
-Лидија Трпеноска Симоновиќ.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:05 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**